Врз основа на член 24 (1) од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити (Службен весник на Република Македонија бр. 51/2011 со сите последователни измени и дополнувања) **Финансиско друштво ПРОФИ КРЕДИТ НМК ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул.Мирослав Крлежа бр.56, Скопје – Центар, со ЕМБС 7649479 и ЕДБ 4080022611478, застапувано од управителот Владо Цветковски на 23.01.2024 година го издава следното:

# О В Л А С Т У В А Њ Е

за кредитен посредник

Финансиско друштво ПРОФИ КРЕДИТ НМК ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Мирослав Крлежа бр.56, Скопје – Центар, со ЕМБС 7649479 и ЕДБ 4080022611478 („Друштвото"), го овластува Друштво за трговија и услуги ИКТ СМАРТ СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје ЕМБС 7699603, со седиште на ул. бул. АСНОМ бр. 18/2 – 2, Скопје („Кредитен посредник"), во име и за сметка на Друштвото да врши посредување при склучување на договори за потрошувачки кредити одобрени од Друштвото, со што Кредитниот посредник се овластува да ги презема следните дејствија:

- Да ги презентира нашите производи и услуги;
- Да дава информации за начинот и условите за добивање на потрошувачки кредит;
- Да помага при воспоставување контакт со физички лица заинтересирани да ги користат производите и услугите на Друштвото преку iFrame контролирано од Друштвото, достапно на следниот линк: https://izbiram.mk/;

Ова овластување важи од денот на неговото издавање и трае за времетраењето на склучениот Договор за соработка од 15.01.2024 година, заведен кај Друштвото под бр. 0307-281 од 23.01.2024 година.

Обемот на овластувањето за посредување е уредено со Договорот за соработка склучен помеѓу Друштвото и Кредитниот посредник.

Важење на ова овластување е за определено време, односно додека не престане да важи Договорот за соработка склучен меѓу Друштвото и Кредитниот посредник или Друштвото предвремено не го отповика.

Овластувањето важи на целата територија на Република Северна Македонија.

За

Финансиско друштво ПРОФИ КРЕДИТ НМК ДООЕЛ Скопје

Финансиско друштво ПРОФИ КРЕДИТ НМК ДООЕЛ Скопје

____________________

Владо Цветковски, Управител

Јас, НОТАР Снежана Видовска
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

Потврдувам дека
за ДООЕЛ ПРОФИ КРЕДИТ НМК, ул. Мирослав Крлежа бр.56, Скопје, ,застапникот по закон Владо Цветковски, ул. Коста Новаковиќ бр.7-1, Скопје, има депонирано потпис на Записник ОДУ бр.135/23 од 10.03.2023, Идентитетот на учесникот го утврдив врз основа на: Записник ОДУ бр.135/23 од 10.03.2023

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 50 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100 денари.

Број УЗП 514/2024

Во Скопје 23.01.2024

НОТАР

Снежана Видовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК НОТАР
ДАМЈАН ВИДОВСКИ
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
СНЕЖАНА ВИДОВСКА
СКОПЈЕ